РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно општинско училиште
ГОРЧЕ ПЕТРОВ ц.о.
Бр. 02-160/1
20.01 2021 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 23 став (1) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018) Натавничкиот совет на СОУ „Ѓорче Петров“- Крива Паланка ја донесе следната

# ПРОЦЕДУРА ЗА СОБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА, ОБЈАВУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ФОТОГРАФИИ, ВИДЕА, ДИГИТАЛНИ ИЗРАБОТКИ И ДРУГИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НА УЧЕНИЦИТЕ КОИ ЌЕ СЕ ОБЈАВУВААТ НА ИНТЕРНЕТ И ОНЛАЈН БЕЗБЕДНОСТ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на собирање, обработка, објавување и чување на личните податоци - фотографии, видеа, дигитални изработки на учениците на веб страната на СОУ „Ѓорче Петров“- Крива Паланка, на социјалните мрежи и на веб сајтови/ социјлани мрежи на наши партнер училишта од државата и странство.

**Член 2**

Секој ученик и наставник во училиштето, компјутер, лаптоп, таблет или смартфон користи за изведување на современа настава и пристап кон дигиталните образовни содржини и содржините што се наоѓаат на глобалната мрежа Интернет.

**Член 3**

Обработката на лични податоци, односно објавувањето на фотографии, видеа или изработки од ученици на веб страната и социјалните мрежи на кои училиштето има свој профил, може да се врши само по претходна добиена согласност од родителот/старателот на ученикот. (Прилог 1 - Да се земе од одговорното лице)

Раководителите на паралелка се должни да ги информираат родителите/стрателите на учениците, на почетокот на учебната година.

**Член 4**

Секој родител/старател на учениците потпишува изјава/согласност за обработка на лични податоци, односно објавувањето на фотографии, видеа и изработик од учениците на веб страната и социјалните мрежи на кои училиштето има свој профил.

**Член 5**

Контролорот СОУ „Ѓорче Петров“, Крива Паланка, овластува лицеод редот на вработените за собирање, обработка и објавување на фотографиите на на веб страната и социјалните мрежи на кои училиштето има свој профил.

**Член 6**

Секое друго објавување на фотографии, видеа и изработки од ученици на веб страната и социјалните мрежи на кои училиштето има свој профил од страна на

вработените насавници, стручна служба и останати вработени во СОУ „Ѓорче Петров“ , Крива Паланка, е забрането и казниво.

**Член 7**

Во случај кога контролорот СОУ „Ѓорче Петров“, Крива Паланка, ќе утврди дека личните податоци кои се обработуваат не се во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, истите ќе ги отстрани односно нема да ги објави.

**Член 8**

Од учениците се бара да ги почитуваат следните правила за безбедно работење во училишни компјутерски простории и мрежа:

1. Училишната компјутерска мрежа и интернетот се користат само за образовни цели.

2. Учениците треба да бидат внимателни со лични информации за себе и за своите родители како име, лозинка, адреса, домашен телефон, работа, без претходна дозвола од нив.

3. Не се одобрува испраќање или објавување на фотографии на ученик или на нивни блиски, без претходно одобрување од страна на родителите, наставниците.

4. Учениците не треба да прифаќаат состаноци со лица што ги запознале на Интернет, освен по одобрување од родители, наставници или едукаторите.

5. Учениците се должни да го известат веднаш лицето, под чие набљудување и контрола работат, кога се објавуваат нелегални содржини како порнографија, проповедање на насилство и тероризам, етничка и верска нетолеранција, трговија со дрога, коцкање и сл.

6. Учениците не треба да испраќаат или одговараат на пораки кои се навредливи, заканувачки или непристојни.

7. Учениците не треба да отвараат апликации за електронска пошта добиени од непознат испраќач.

8. Учениците не треба да даваат лажни информации за себе.

9. Забрането е користење училишни компјутерски кабинети и мрежа за водење бизнис или нелегална активност.

10. Забрането е да испраќате анонимни или верижни пораки.

11. Забранета е активност која го загрозува интегритетот на училишната компјутерска мрежа или напаѓа други систем.

12. Забрането е користење на странско корисничко име, лозинка и е-пошта.

13. Забрането е користење на нелиценциран софтвер на авторски материјали без дозвола, како и секоја друга активност која ги пркршува авторските права.

14. Забрането е внесување под каква и да било форма на носители на информации /CD, DVD, USB и др. / и нивната употреба во училишните компјутерски кабинети и мрежа од страна на учениците.

15. Кога работат на интернет учениците мора да ги почитуваат правата на другите и да го зачуваат угледот на училиштето.

**Член 10**

Со содржината на овој правилник родителите ќе се запознат на почетокот на учебната година, а учениците на првиот класен час од страна на раководителите на паралелка.

**Член 11**

Овој правилник стапува во сила со денот на усвојувањето од страна на наставнички совет и директорот на училиштето.

Директор или Претседател на НО

Дата

Јануари, 2021